# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО – НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ДЕЛОВНО СЕКРЕТАРСТВО НА БАС ИНСТИТУТОТ ЗА МЕНАЏМЕНТ БИТОЛА

Врз основа на конкурсот на БАС Институтот за менаџмент Битола, објавен во весниците Нова Накедонија и Лајм од 14.06.2017 година, за избор на наставник во сите научни и наставно-научни звања за група предмети од полето Организациони науки и управување (менаџмент), за наставно-научната област (дисциплина) 50624 Друго – Деловно секретарство и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-20/7, донесена на 03.07.2017 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Желка Недкова Генова, редовен професор на Европейско висше училище по икономика и мениджмънт, София, Р. Бугарија, д-р Јове Кекеновски, редовен професор на Факултетот за Туризам и угостителство - Охрид и д-р Добри Петровски – редовен професор на Педагошки Факултет Битола.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања за група предмети од полето Организациони науки и управување (менаџмент) за наставно-научната област (дисциплина) 50624 Друго – Деловно секретарство, во предвидениот рок се пријави еден кандидат: доц. д-р Гордана Тасевска.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Гордана Тасевска е родена на 13.09.1968 год, во Битола. Средно образование завршила во Средното медицинско училиште во Битола. Со високо образование се стекна на Педагошкиот факултет, Битола при Унивезитет „ Св. Климент Охридски" – Битола во 2001-та година.

Во 2006 година го одбрани магистерскиот труд на тема: *„Од училнички кон училишен кодекс на однесување".*

Дисертацијата на тема: *„Улогата на високообразовните организации во модернизирањето и реализирањето на професионалната практика на студентите на додипломските студии"* ја одбрани на Педагошкиот факултет, Битола при Унивезитет „ Св. Климент Охридски" – Битола во 2012 година., пред Комисија во состав: : проф. д-р Цветко Смилевски, проф. д-р Добри Петровски, проф. д-р Јове Д. Талевски, проф. д-р Методија Стојановски и проф. д-р Јордан Стојаноски. Со тоа се стекна со научниот степен доктор на науки.

На 20.12.2012 година е избрана во звањето доцент на БАС ИМ во областа Деловно секретарство. Во моментот е професор во областа на Менаџмент на човечки ресурси на Бизнис Академија Смилевски.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки

и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на БАС, кандидатот Гордана Тасевска изведува настава, вежби, теренска настава, менторска настава, синергирање и студирање на далечина на прв циклус студии на студиската програма Оперативен менаџмент и на втор циклус на студии на студиската програма Стратегиски менаџмент, конкретно следните наставни предмети: Личен менаџмент, Менаџмент на човечки ресурси, Стратегиски менаџмент на човечки ресурси, Канцелариски менаџмент, Интерперсонални деловни вештини, Организациско комуницирање, Надзорнички менаџмент, Организирање на настани и менаџмент на задачи, Секретарски практикум, Деловен протокол, Односи со јавност.

Кандидатот бил ментор на 29 специјалистички трудови.

Кандидатот учествувал како член во Комисија за оцена/или одбрана на 103 дипломски, трудови и 34 специјалистички трудови.

Кандидатот е автор на интерни компендиуми по предметот Менаџмент на човечки ресурси.

Конкретните активности се опишани во Анекс 1, кој се доставува во прилог .

**Научно истражувачка дејност**

Доц. д-р Гордана Тасевска има објавено вкупно 27( дваесет и седум) научни трудови од областа во која кандидатот се избира, од кои 2 (два) научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 5 (пет) трудови во меѓународни научни списанија, 15 трудови во меѓународни научни публикации и 5 ( пет ) трудови во зборници од научни собири.

Доц. д-р Гордана Тасевска учествувала во тимот за реализација на проектот Компаниите како стратегиски фокусирани организации за конкурентност, во рамките на макро проектот Развивање на стратегиски фокусирани организации за конкурентност.

Во 2016 година, одржала предавање на Високата туристичка школа струковних студија – Београд.

Конкретните активности се опишани во Анекс 1, кој се доставува во прилог.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Гордана Тасевска активно е вклучен во стручно - апликативната работа на Бизнис Академија Смилевски БАС Скопје и БАС Институтот за менаџмент. Кандидатот е рецензент на три учебника под наслов Надзорнички менаџмент, Организациско комуницирање и Прирачник за интегрирано гранично управување. Остварила експертски активности во студиски програми за прв и втор циклус на студии на Бизнис Академија Смилевски БАС Скопје .

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи и тоа:

Комисија за самоевалуација;

Рецензентски комисии за избор во звање;

Конкурсна комисија за запишување на студенти на втор циклус на студии за студиската програма

Комисија за измени и дополнувања на Привилникот за условите, критериумите и постапката за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на БАС;

Конкурсна комисија за доделување на стипендии за прв циклус на студии

Комисија за изработка на Правилник за студирање на далечина на БАС;

Комисија за изработка на Правилник за теренска студентска практика

Претседател на дисциплинска комисија

Работни комисии за државни натпревари

Кандидатката е активно вклучена во организација на меѓународната научна Конференција Современите менаџерски предизвици и организациските науки каде како каде се јавува како член на организациски одбор.

Исто така се јавува како член на Претседател на организациски одбор и член на програмски одбор на стручните собири/симпозиуми, Менаџментот и современите практики, организирани од Бизнис Академија Смилевски БАС Скопје

Кандидатката има активно учество на трибини. Била модератор на трибина од областа на организирањето на настани и менаџмент на задачи со учество на гости од странство како главни оратори на настанот.

Кандидатката била и е академски администратор за настава на БАС - Битола

Исто така во последните пет години посетила обуки кои се однесуваат за подобрување на професионалните вештини. Реализатор е на обуки на наставници за развивање на компетенции и активности во полето на наставата, во институцијата во која работи и пошироко во општествената заедница

Ментор е на помлад наставник, за предмети од областа на деловното секретарство.

*Конкретните активности се опишани во Анекс 1, кој се доставува во прилог со овој Правилник.*

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатот д-р Гордана Тасевска, во семестралните евалвациони листи во текот на нејзиното работење континуирано е оценета со позитивна оценка. Оценката е врз основа на анонимно спроведената анкета на студентите на Бизнис Академија Смилевски факултет, како и релевантните фактори кои се вклучени во процесот на оценување

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на доц. д-р Гордана Тасевска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека доц. д-р Гордана Тасевска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на БАС Институтот за менаџмент Битола ги исполнува сите услови да биде избрана во наставно - научното звање Вонреден професор – Виш научен соработник во наставно - научната област (дисциплина) Деловно секретарство.

Според горе изнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на БАС Институтот за менаџмент Битола, доц. д-р Гордана Тасевска да биде избрана во наставно – научно звање Вонреден професор – Виш научен соработник во наставно - научната област (дисциплина) Деловно секретарство.

Битола, 05.09.2017

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **Д-р Желка Недкова Генова, редовен професор**

   ____________________

2. **Д-р Јове Кекеновски, редовен професор**

   ____________________

3. **Д-р Добри Петровски, редовен професор**

   ____________________